Врз основа на член 383, став 1, точка 8 од Законот за трговските друштва (Сл. весник на Р.М бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), а согласно одредбите од Статутот на МАКСТИЛ А.Д. - Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на ден 06.06.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. За овластен независен Ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година се избира Ревизорската куќа КПМГ Македонија ДОО Скопје.

2. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Со. бр. 0201-553
06.06.2018 год.
Скопје

**МАКСТИЛ А.Д. - Скопје**
**Собрание**
**Претседавач,**

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва (Сл. весник на Р.М бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), а согласно член 33, точка 6 од Статутот на МАКСТИЛ А.Д. - Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на ден 06.06.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Нето добивката во износ од 1.560.195,00 денари, остварена во деловната 2017 година, се распоредува за покривање на загуби од работењето на Друштвото од претходните години.

2. Се задолжува финансовиот сектор при МАКСТИЛ А.Д. - Скопје, да спроведе книжења по оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Со. бр.0201-554
06.06.2018 год.
Скопје

**МАКСТИЛ А.Д. - Скопје**
**Собрание**
**Претседавач,**

Врз основа на член 383, став 1, точка 4 од Законот за трговските друштва (Сл. весник на Р.М бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), а согласно одредбите од Статутот на МАКСТИЛ А.Д. - Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на ден 06.06.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува работата и водењето на работењето на Друштвото на членовите на Одборот на директори и тоа:

- Г-дин Минчо Јорданов;
- Г-дин Иван Бановски;
- Г-дин Димитар Цветковски;
- Г-дин Стефано Грамиња;
- Г-ѓа Снежана Сиљановска;
- Г-ѓа Татјана Шишковска;
- Г-дин Метју Џастин Де Морган и
- Г-дин Алесандро Казале.

2. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Со. бр.02-01-565
06.06.2018 год.
Скопје

**МАКСТИЛ А.Д. - Скопје**
**Собрание**
**Претседавач,**

Врз основа на член 30 од Статутот на МАКСТИЛ А.Д. - Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на ден 06.06.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на Претседавач на Собрание**

1. За Претседавач на Собранието се избира Ива Џугуманова.

2. Мандатот на Претседавачот на Собранието трае до избор на Претседавач на наредното Собрание.

3. Претседавачот на Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата со Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата со Собранието.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Со. бр. 0201-556
06.06.2018 год.
Скопје

**МАКСТИЛ А.Д. - Скопје**
**Собрание**
**Претседавач,**

Врз основа на член 31 од Статутот на МАКСТИЛ А.Д. - Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на ден 06.06.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на бројачи на гласови**

1. За бројачи на гласови при донесување на Одлуки по утврдениот дневен ред за оваа седница, се избираат:

   - Венка Каранфилова
   - Петар Симоски

2. Бројачите на гласови утврдени во точка 1 на оваа Одлука имаат задача при донесувањето на секоја Одлука по точките од дневниот ред да ги избројат вкупниот број гласови "ЗА", "ПРОТИВ" и "ВОЗДРЖАНИ" и за истите да го известат Претседавачот на Собранието за резултатите од гласањето.
   За секоја одлука бројачите на гласови изготвуваат писмен извештај во кој се утврдува и кворумот за работа на Собранието.
   Врз основа на писмениот извештај – за кворумот за работа и резултатите од гласањето, Претседавачот на Собранието констатира, односно објавува дали Одлуката за која се гласа е донесена.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Со. бр. 0201-557
06.06.2018 год.
Скопје

**МАКСТИЛ А.Д. - Скопје**
**Собрание**
**Претседавач,**

Врз основа на член 383, став 1, точка 2 од Законот за трговските друштва (Сл. весник на Р.М бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), а согласно одредбите од Статутот на МАКСТИЛ А.Д. - Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на ден 06.06.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2017 година.

2. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Со. бр.0201-558
06.06.2018 год.
Скопје

**МАКСТИЛ А.Д. - Скопје**
**Собрание**
**Претседавач,**

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва (Сл. весник на Р.М бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), а согласно одредбите од Статутот на МАКСТИЛ А.Д. - Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на ден 06.06.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се определува награда на независните неизвршни членови на Одборот на директори, г-ѓа Татјана Шишковска и г-дин Стефано Грамиња во месечен нето износ од 15.000,00 денари, сметано од денот на именувањето.

2. На преостанатите неизвршни членови на Одборот на директори г-дин Димитар Цветковски, г-дин Пјетро Москети, г-дин Луис Кристиан Карстенс и г-дин Алесандро Казале нема да им се исплаќа награда за членство во Одборот на директори.

3. Со денот на донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на месечен паушал на неизвршните членови на Одборот на директори, донесена од Собранието на Макстил АД Скопје на ден 30.05.2008 година, со број СО бр. 06 од 30.05.2008 година.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Со. бр. 0201-553
06.06.2018 год.
Скопје

**МАКСТИЛ А.Д. - Скопје**
**Собрание**
**Претседавач,**